20252084122

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 41 став (4) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА УЧЕСНИЦИТЕ КОИ СЕ СТЕКНАЛЕ СО СЕРТИФИКАТ ЗА СТРУЧНА КВАЛИФИКАЦИЈА ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА ВАЛИДАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на документацијата за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација.

Член 2

Документацијата за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација опфаќа главна книга на учесници (во натамошниот текст: книгата).

Член 3

Книгата се води на образец со димензии 42 см x 29,7 см и содржи 200 нумерирани страници.

Содржината на образецот на книгата, е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Кориците на книгата се изработуваат од тврда хартија во темна сина боја.

Книгата содржи листови кои се во корици и се прошиваат со емственик, од кои двата краја
се потпечатуваат со црвен восок на внатрешната страна од задната корица на книгата.

Вкупниот број на листови во книгата со потпис се заверува од страна на управител/овластено лице од установата или институцијата за образование на возрасните.

Член 4

Во книгата во која е извршен погрешен упис, може да се вршат исправки, така што со црвено мастило со тенка линија се прецртува податокот што се исправа и над него, со истото мастило се испишува исправениот податок, а исправката се заверува со печат и потпис на управителот/одговорното лице на установата.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-12807/1
3 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ГЛАВНА КНИГА
# НА УЧЕСНИЦИ ЗА ВАЛИДАЦИЈА

________________________________________

Назив и седиште на установа за валидација, место

Корица

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

________________________________________
Име на установа за валидација, место

____________________________
Општина / град

## Главна книга бр.__________

**Податоци за овластеното лице на установата за валидација**

| **Име и презиме** | **Од** | **До** | **Потпис** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

1

| Реден број во Главната книга | Име | Презиме | Име на таткото | Име на мајката |
|---|---|---|---|---|
| | Датум и година на раѓање | Место на раѓање | Општина, држава | Државјанство |

Учесникот / учесничката доаѓа со предходно завршено________________________

Датум на запишување на учесникот/учесничката кај установа за валидација
_____________

Назив на стручна квалификација
__________________________________________________________

Датум на завршување на учесникот/учесничката кај установата за валидација
_____________

Забелешка:

ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕСНИКОТ / УЧЕСНИЧКАТА

**Список на стекнати знаења, вештини и компетенции.**

Издаден сертификат за стручна квалификација и додаток на сертификат со Решение за акредитација на установа за валидација бр.____________од ____________години и

издаден сертификат и додаток на сертификат
потпис на ученик/ученичка,
(родител / старател) ______________
потпис на овластено лице од установата или институцијата ______________
датум ______________

издаден втор примерок на сертификат и додаток на сертификат
потпис на ученик/ученичка,
(родител/старател) ______________
потпис на овластено лице од установата или институцијата ______________
датум ______________

2-200